СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата

**СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ**

Адреса: ул. „11 Октомври" бр.7, 1000 Скопје

# П Р О С П Е К Т

за котација на акциите издадени од Стопанска банка АД Скопје
на подсегмент Задолжителна котација на Официјалниот Пазар на
Македонска Берза АД Скопје

**Покровител на котацијата:**

Дирекцијата за работи со хартии од вредност и брокерско -
посреднички услуги на Стопанска банка АД Скопје
ул. „11 Октомври" бр.7, 1000 Скопје

Скопје, __ Април 2013 год.

# ИЗЈАВА НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ НА ИЗДАВАЧОТ

Управниот одбор на издавачот Стопанска Банка АД Скопје ја прифаќа одговорноста за содржината на овој Проспект:

“Според нашите уверувања и согласно нашите сознанија и податоци со кои располагаме, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавуваме дека сите податоци од овој Проспект сочинуваат целосно и вистинито прикажување на имотот и обврските, добивките и загубите, финансиската и деловната состојба на издавачот, правата содржани во хартиите од вредност и дека не се изоставени податоци кои би можеле да влијаат на целовитоста и вистинитоста на овој проспект“.

Проспектот е изготвен согласно Правилникот за котација на хартии од вредност на Македонската Берза на долгорочни хартии од вредност АД Скопје и Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност (Службен весник на Република Македонија број 13/2013 година).

Покровител на котацијата на акциите издадени од издавачот Стопанска Банка АД Скопје е Дирекцијата за работи со хартии од вредност и брокерско - посреднички услуги на Стопанска банка АД Скопје, со адреса на ул. 11 Октомври бр.7, 1000 Скопје.

Заменик генерален директор за банкарство на мало, финансиски и оперативни активности и член на Управен одбор
Диомидис Николетопулос

________________________

Заменик генерален директор за ризици и член на Управен одбор
Тони Стојановски

________________________

## 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ

### 1.1. Назив на друштвото:

СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
Адреса: ул. 11 Октомври бр.7, 1000 Скопје

ЕМБС: 4065549
Единствен даночен број: 4030996116744

### 1.2. Називите и адресите на банките на издавачот, покровителот на котацијата, правните советници и останатите советници:

- Стопанска Банка АД Скопје има трансакциски сметки во Народна Банка на Република Македонија, со седиште: бул. Кузман Јосифовски Питу, бр.1, 1000 Скопје, Р.Македонија;
- Покровител на котација е Дирекцијата за работи со хартии од вредност и брокерско - посреднички услуги на Стопанска банка АД Скопје, за која Банката поседува посебна трансакциска сметка во Народна Банка на Република Македонија, за порамнување на трансакции со хартии од вредност;
- Стопанска Банка АД Скопје има сметки во поголем број на странски кореснодентни банки, во сите странски валути со кои се тргува во земјата;
- При изработка на овој Проспект не е користена помош од правни и останати советници.

### 1.3. Називите и адресите на друштвата за ревизија кои извршиле ревизија на годишните сметки на издавачот за периодот определен во условите за котација на посебните пазарни сегменти

- Priceswaterhouse Coopers Revizija d.o.o., Skopje - овластен ревизор за 2011 год.
  Адреса: Ул. 8-ми Септември, бр.16, 1000 Скопје
- Deloitte d.o.o., Skopje - овластен ревизор за 2012 год.
  Адреса: Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов, бр.28, 1000 Скопје

**1.4. Опис на родот на акциите за кои се поднесува барањето, бројот на акции и нивната номинална вредност:**

- Бројот на обични акции издадени од Стопанска Банка АД Скопје изнесува 17.460.180, со номинална вредност од 201,10 денари по една акција;
- Бројот на приоритетни акции издадени од Стопанска Банка АД Скопје изнесува 227.444, со номинална вредност од 400,00 денари по една акција;
- До моментот на поднесување на Барањето за задолжителна котација до Македонска Берза, со акциите на Стопанска Банка АД Скопје се тргувало на Редовниот пазар, односно на Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување.

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ И КАПИТАЛОТ НА ИЗДАВАЧОТ

**2.1. Назив и седиште на издавачот:**

СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

Адреса: ул. 11 Октомври бр.7, 1000 Скопје

**2.2. Тековната состојба на Стопанска Банка АД Скопје од Трговскиот регистар е во *Прилог 1* на овој Проспект.**

**2.3. Износот на вкупниот капитал, поодделните родови на акции со нивните главни карактеристики, бројот и вкупната номинална вредност на секој род:**

- Вкупниот номинален капитал изнесува 3.602.219.798,00 денари, од кој вкупната номинална вредност на обичните акции изнесува 3.511.242.198,00 денари, а вкупната номинална вредност на приоритетните акции изнесува 90.977.600,00 денари;
- Бројот на обични акции изнесува 17.460.180, со номинална вредност од 201,10 денари по една акција. Една обична акција носи право на еден глас во Собранието на акционери на СБ;
- Бројот на приоритетни акции изнесува 227.444, со номинална вредност од 400,00 денари по една акција. Приоритетните акции не носат право на глас во Собранието на акционери на СБ.

**2.4. Одредбите од статутот на Стопанска Банка АД Скопје кои ги регулираат промените во капиталот на издавачот и правата кои произлегуваат од различните родови на акции:**

- Член 11 од Статутот на Стопанска Банка АД Скопје: Една обична акција носи право на еден глас во Собранието на акционери на СБ. Приоритетните акции не носат право на глас во Собранието на акционери на СБ;
- Член 12: Почетниот капитал (основната главнина) на СБ може да се зголеми или намали, во согласност со закон;
- Член 13: Собранието на акционери на СБ може, со измена на Статутот, да изврши поделба на акциите и истовремено да го намали нивниот номинален износ, под услов акционерскиот капитал да остане непроменет. Собранието на

акционери на СБ може, со измена на Статутот, да изврши спојување на акциите и истовремено да го зголеми нивниот номинален износ, под услов почетниот капитал (основната главнина) да остане непроменет;

- Член 16: Секој акционер на СБ ги има сите права, обврски и одговорности, утврдени со законите и Статутот на СБ.
- Член 18: Добивката на СБ, ја распоредува со Одлука Собранието на СБ, по предлог на Надзорниот одбор. Акционерите на СБ имаат право на учество во добивката, освен ако, според одлуката на Собранието за употреба на добивката, донесена врз основа на закон или овој Статут, добивката е изоставена од распределба меѓу акционерите. Учеството на акционерите во добивката се определува во согласност со законите, овој Статут и интерните акти на СБ. Имателите на приоритетни акции имаат право на исплата на дивиденда пред имателите на обични акции.

**Забелешка:** Статутот на Стопанска банка АД - Скопје е во постапка на изменување. Имено, предлог Одлуката за измена на Статутот на СБ е дел од Дневниот ред на 32-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје (СБ) која е закажана за 22 Мај, 2013 година. По донесувањето на Одлука за измена на Статутот на СБ од страна на Собранието на акционери и добивањето соодветна согласност од Гувернерот на НБРМ, измените на Статутот ќе бидат веднаш објавени на СЕИ-Нет.

**2.5. Промените во структурата на капиталот за периодот определен во условите за котација на посебните пазарни подсегменти, во смисла на износите на емитираниот капитал и бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал:**

- Не се случени промени во структурата на капиталот во смисла на емитиран капитал и бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал.

**2.6. Стопанска Банка АД Скопје не поседува должнички конвертибилни хартии од вредност.**

**2.7. Назив на акционер кој поседува над 5% од акциите со право на глас:**

- Национална Банка на Грција СА, Атина (National Bank of Greece SA, Athens)

**2.8. Стопанска Банка АД Скопје не поседува мнозинско учество во други друштва.**

**2.9. Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска Банка АД Скопје се во *Прилог 2 и 3* од овој Проспект. Банката не изготвува консолидирани ревидирани финансиски извештаи, односно нема зависни друштва.**

**2.9. Стопанска Банка АД Скопје не е во постапка на издавање на акции заради спојувања, поделби или понуди за преземања други друштва.**

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА ИЗДАВАЧОТ

**3.1. Опис на основните дејности на издавачот:**

- прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
- кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
- финансиски лизинг;
- менувачки работи;
- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- брз трансфер на пари,
- издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- изнајмување сефови, остава и депо;
- тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);
- тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
- тргување со хартии од вредност;
- тргување со финансиски деривати;
- управување со средства и портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на клиенти;
- давање услуги на банка-чувар на имот;
- купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;

- посредување во продажба на полиси за осигурување;
- посредување при склучување договори за кредити и заеми;
- обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
- економско-финансиски консалтинг и
- други финансиски услуги утврдени со закон што може да ги врши само банка.

**3.2. Банката нема значајни нови производи во последните две години.**

**3.3. Приказ на приходите од продажба за периодот определен во условите за котација на посебните пазарни подсегменти:**

**(во илјади денари)**

| Ред.бр. | Приходи од камата и надоместоци | 2012 год. | 2011 год. |
|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од камата | 4.634.327 | 4.494.952 |
| 2. | Приходи од провизии и надоместоци | 1.025.772 | 945.138 |

**3.4. Во работењето на Стопанска Банка АД Скопје не постои зависност од патенти, лиценци, индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки.**

**3.5. Информации за сите судски или арбитражни постапки, кои се во тек или ќе настанат и кои можат да имаат значително влијание на финансиската состојба на издавачот:**

- Во тек е судска постапка бр. 650799/2012 од 14.03.2012 година, против Стопанска банка АД-Скопје во вредност од 20.366.920.000,00 денари во Судот во Њу Јорк, САД, во која како спротивна странка се јавува Capital Conservator Savings & Loan Limited, New Zeland (сега под назив Guardian Fiduciary Trust Limited). Тужбеното барање од страна на тужителот е поднесено поради тоа што СБ, врз основа на основани сомневања за поврзаност со перење пари го прекина деловниот однос, за кои подоцна Управата за финансиско разузнавање иницираше кривична постапка која заврши со правосилна пресуда за кривично дело. Истовремено, тужбата по истиот основ од страна на Capital Conservator Savings & Loan Limited, New Zeland поднесена во 2010 година пред Основен суд Скопје I Скопје (објава во јавноста од 27.07.2010), **е правосилно и конечно завршена во корист на Банката**, односно е одбиена како неоснована и неоснованоста е потврдена и од страна на Апелациониот Суд во Скопје на 07.06.2012 година.

**3.6. Бројот на вработени и квалификационата структура во изминатите три години:**

| Ред.бр. | Степен на образование | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Доктор на науки | 2 | 8 | 8 |
| 2 | Магистер на науки | 38 | 45 | 46 |
| 3 | ВСП | 478 | 449 | 461 |
| 4 | ВШП | 94 | 88 | 85 |
| 5 | ССП | 450 | 426 | 418 |
| 6 | ВКВ | 1 | 1 | 1 |
| 7 | КВ | 1 | 1 | 1 |
| 8 | останати | 3 | 3 | 3 |
| | **Вкупно** | **1067** | **1021** | **1023** |

**3.7. Не постојат значителните инвестиции во основни средства и вложувања во хартии од вредност на други трговски друштва, во изминатите три години.**

**3.8. Место и позиција на издавачот во гранката (описно):**

- Согласно последниот објавен квартален Извештај за банкарскиот систем на Република Македонија на Народна Банка Република Македонија, а кој се однесува на третиот квартал од 2012 година, Стопанска Банка АД Скопје е рангирана во групата на големи банки, според критериум: актива поголема од 25,1 милијарда денари;
- Стопанска Банка АД Скопје има остварено најголема нето добивка за 2012 година, на ниво на целиот банкарски сектор и истата изнесува 799.801.000 денари, односно околу 13 милиони евра;
- Стопанска Банка АД Скопје има најголема стапка на адекватноста на капиталот во групата на големи банки, која изнесува 19,43% на 31.12.2012 година.

## 4. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

**4.1. Информација за следните финансиски податоци за последните три години:**

**а) вкупни средства**

**б) вкупни обврски**

**в) добивка пред оданочување/загуба**

**г) нето добивка по акција**

**д) коефициент цена/добивка**

**ѓ) коефициент цена/книговодствена вредност на акција**

**е) износ на исплатена дивиденда по акција**

**ж) дивиденден принос**

**(во илјади денари)**

| Финансиски податок | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Вкупни средства** | 68.048.389 | 70.350.515 | 75.350.515 |
| **Вкупни обврски** | 59.749.893 | 61.227.319 | 65.628.703 |
| **Добивка пред оданочување** | 806.423 | 647.314 | 799.801 |

**(во апсолутен износ)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Нето добивка по акција (за обичните акции)** | 45,98 | 36,07 | 45,56 |
| **Книговодствена вредност на акција (за обичните акции)** | 475,28 | 511,38 | 556,80 |
| **Коефициент цена/добивка (за обичните акции)** | 4,88 | 5,56 | 3,36 |
| **Коефициент цена/книговодствена вредност на акција (за обичните акции)** | 0,47 | 0,39 | 0,28 |
| **Износ на исплатена дивиденда по акција (за приоритетните акции)** | 32,00 | 26,00 | 21,00 |
| **Дивиденден принос (за приоритетните акции)** | 14,26 | 12,96 | 13,71 |

**4.2. Стопанска Банка АД Скопје не поседува мнозинско учество во ниту едно трговско друштво.**

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИИТЕ ЗА КОИ СЕ БАРА КОТАЦИЈА

### 5.1. Опис на родот на акциите за кои се поднесува барањето, бројот на акции и нивната номинална вредност:

- Барањето за задолжителна котација кое се доставува до Македонска Берза се однесува на вкупно 17.687.624 акции, односно на 17.460.180 обични акции со номинален износ од 201,10 денари по една акција и 227.444 приоритетни акции со номинален износ од 400,00 денари по една акција, издадени од издавачот Стопанска Банка АД Скопје.
- Вкупниот номинален капитал изнесува 3.602.219.798,00 денари, од кој вкупната номинална вредност на обичните акции изнесува 3.511.242.198,00 денари, а вкупната номинална вредност на приоритетните акции изнесува 90.977.600,00 денари.

### 5.2. Опис на правата кои им припаѓаат на акциите, а особено правото на глас, правото на учество во добивката, како и правата во случај на стечај односно ликвидација на издавачот:

Правата на акционерите се регулирани во членовите 11, 15, 16 и 18 од Статутот на Стопанска Банка АД Скопје, каде е наведено дека:

- Секој акционер на СБ ги има сите права, обврски и одговорности, утврдени со законите и Статутот на Банката;
- Акционерите на СБ имаат право на учество во добивката, освен ако, според одлуката на Собранието за употреба на добивката, донесена врз основа на закон или Статутот на Банката, добивката е изоставена од распределба меѓу акционерите;
- Учеството на акционерите во добивката се определува во согласност со законите, Статутот и интерните акти на СБ;
- Една обична акција носи право на глас во Собранието на акционери на СБ;
- Приоритетните акции не носат право на глас на Собранието на акционери на СБ;

- Имателите на приоритетни акции имаат право на исплата на дивиденда пред имателите на обични акции;
- Правата на акционерот престануваат со денот на бришењето на неговото име од Акционерската книга на СБ.

**5.3. Наведување на одредбите од Статутот на друштвото кои се однесуваат на Собранието на акционери, соопштенија за акционерите, право на глас, дивиденда, ликвидација на друштвото, откуп на сопствени акции:**

Правата на акционерите се регулирани во следните глави, односно членови:

- IV. ВКУПЕН ИЗНОС И ПРОМЕНА НА ПОЧЕТНИОТ КАПИТАЛ - членови 11 и 13;
- VI. РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА И ИЗДВОЈУВАЊЕ НА РЕЗЕРВИ - член 18;
- VIII. ОРГАНИ НА СБ - членови 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33 и 34;
- IX. ДРУГИ ОДРЕДБИ - членови 74 и 79;
- Согласно законските прописи, Банката не смее да врши откуп на сопствени акции.

**5.4. Статистички податоци за тргувањето со акциите на Стопанска Банка АД Скопје, за период од три години:**

***Преглед на цени и количини на истргувани обични акции (2010-2012)***

| Период | Последна истргувана цена | Мак. | Мин. | Просечна цена | Количина | Промет во денари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.01.2010-31.12.2010 | 200 | 296 | 185 | 224,45 | 3.845.714 | 2.178.201.864,00 |
| 01.01.2011-31.12.2011 | 155 | 264 | 155 | 200,57 | 47.759 | 9.518.834,00 |
| 01.01.2012-31.12.2012 | 124 | 185 | 124 | 153,15 | 14.768 | 2.245.352,00 |

***Движење на цената на обичните акции на Стопанска банка АД Скопје ( 01.04.2010-25.03.2013)***



***Преглед на цени и количини на истргувани приоритетни акции (2010-2012)***

| Период | Последна истргувана цена | Мак. | Мин. | Просечна цена | Количина | Промет во денари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.01.2010-31.12.2010 | 351 | 500 | 300 | 389,9 | 5.432 | 2.072.283,00 |
| 01.01.2011-31.12.2011 | 320 | 429 | 311 | 359,39 | 4.998 | 1.816.537,00 |
| 01.01.2012-31.12.2012 | 277 | 370 | 270 | 314,26 | 2.393 | 738.607,00 |

**Движење на цената на приоритетните акции на Стопанска банка АД Скопје (01.04.2010-25.03.2013)**



## 6. ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ

### Управен одбор на Стопанска банка АД - Скопје

1. **Диомидис Николетопулос**, Заменик генерален директор за банкарство на мало, финансиски и оперативни активности и член на Управен одбор на СБ од 30.07.2010 година;

1.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Диомидис Николетопулос и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

1.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

| Период од-до (години) | Назив и сектор на работодавачот | Работна позиција |
|---|---|---|
| 2010 - денес | Стопанска банка АД - Скопје; Банкарство | Заменик генерален директор за банкарство на мало, финансиски и оперативни активности и член на Управен одбор на СБ |
| 2009 - 2010 | Национална банка на Грција СА, Атина; Банкарство | Меѓународен сектор за бизнис |
| 2007 - 2008 | Aspis Bank S.A..; Банкарство | Генерален директор за финансиски и оперативни активности |
| 2006 - 2007 | EFG Eurobank; Банкарство | Заменик генерален директор - Финансиски услуги на Групацијата |
| 2000 - 2006 | Laiki Bank S.A; Банкарство | Генерален директор за финансиски и оперативни активности |
| 1990 - 2000 | KPMG Peat Marwick; Ревизија и консултантски услуги | Директор на Сектор за банкарство |

1.3. Диомидис Николетопулос не е член на одборот на директори, односно управен или надзорен одбор, ниту пак е акционер во друго трговско друштво во било кое време во последните пет години;

1.4. Диомидис Николетопулос не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

1.5. Диомидис Николетопулос нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

1.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Диомидис Николетопулос кои ги има во СБ како Заменик генерален директор за банкарство на мало, финансиски и оперативни активности и член на УО и неговите приватни интереси или други одговорности;

2. **Тони Стојановски**, Заменик генерален директор за ризици и член на Управен одбор на СБ од 06.07.2010 година;

2.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Тони Стојановски и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

2.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

| Период од-до (години) | Назив и сектор на работодавачот | Работна позиција |
|---|---|---|
| 2010 - денес | Стопанска банка АД - Скопје; Банкарство | Заменик генерален директор за ризици и член на Управен одбор на СБ |
| Ноември 2009 - Јули 2010 | Стопанска банка АД - Скопје; Банкарство | Директор на Сектор за управување со ризици |
| Јуни - Октомври 2009 | НБРМ | Генерален директор на Сектор за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност |
| Декември 2007 - Мај 2009 | НБРМ | Директор на Дирекција за вон-теренска супервизија и лиценцирање |
| Април 2004 - Декември 2007 | НБРМ | Заменик директор на Дирекција за супервизија |
| Октомври 2002 - Март 2004 | НБРМ | Советник на Гувернерот на НБРМ |

2.3. Тони Стојановски не е член на одборот на директори, односно управен или надзорен одбор, ниту пак е акционер во друго трговско друштво во било кое време во последните пет години;

2.4. Тони Стојановски не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

2.5. Тони Стојановски нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

2.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Тони Стојановски кои ги има во СБ како Заменик генерален директор за ризици и член на УО и неговите приватни интереси или други одговорности.

3. **Теодолус Скордис,** Заменик генерален директор за корпоративно работење и член на Управен одбор на СБ од 20.12.2010 година.

3.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Теодолус Скордис и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

3.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

| Период од-до (години) | Назив и сектор на работодавачот | Работна позиција |
|---|---|---|
| 2010 - денес | Стопанска банка АД - Скопје; Банкарство | Заменик генерален директор за корпоративно работење и член на Управен одбор на СБ |
| 2009 - 2010 | Стопанска банка АД - Скопје; Банкарство | Директор за управување со кредитен ризик, Сектор за изготвување кредитни предлози |
| 2006 - 2009 | Стопанска банка АД - Скопје; Банкарство | Директор на Сектор за кредитирање |
| 2004 - 2006 | Национална банка на Грција СА, Атина; Банкарство | Бизнис центар А2 (големи компании); Директор за односи со компаниите |
| 1999 - 2004 | Национална банка на Грција СА., Атина; Банкарство | Бизнис центар А2 (големи компании); Изготвување кредитни предлози |
| 1986 - 1999 | Национална банка на Грција СА., Атина; Банкарство | Сектор за физибилити студии во Регионалната администрација на Северна Грција, Виш аналитичар |

3.3. Теодолус Скордис не е член на одборот на директори, односно управен или надзорен одбор, ниту пак е акционер во друго трговско друштво во било кое време во последните пет години;

3.4. Теодолус Скордис не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

3.5. Теодолус Скордис нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

3.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Теодолус Скордис кои ги има во СБ како Заменик генерален директор за корпоративо работење и член на УО и неговите приватни интереси или други одговорности.

**Надзорен одбор на Стопанска банка АД - Скопје**

1. **Константинос Братос,** Претседател на Надзорен одбор на СБ од 18.12.2012 година, Директор на Секторот за меѓународни активности на Национална банка на Грција С.А. Атина;[1]

1.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Константинос Братос и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

1.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

| Период од-до (години) | Назив и сектор на работодавачот | Работна позиција |
|---|---|---|
| Април 2012 - денес | Национална банка на Грција СА, Атина; Банкарство | Директор на Сектор за меѓународни активности |
| Април 2010 - Април 2012 | United Bulgarian Bank AD; Банкарство | Извршен директор за корпоративно банкарство и бизнис |
| Август 2005 - Април 2010 | Национална банка на Грција СА, Атина; Банкарство | Директор на Сектор за меѓународна мрежа „А“ |
| Август 2002 - Јули 2005 | Стопанска банка АД - Скопје; Банкарство | Втор генерален директор |

1.3. Покрај функцијата во Стопанска банка АД - Скопје, Константинос Братос е член на раководниот орган, односно надзорниот одбор во следниве банки:

- NBG Malta ltd;
- NBG Malta holdings;
- United Bulgarian Bank AD;
- Vojvodjanska Banka;
- NBG Egypt;
- NBG Banka Albanija.

1.4. Константинос Братос не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

1.5. Константинос Братос нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

1.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Константинос Братос кои ги има во СБ како Претседател на Надзорниот одбор и неговите приватни интереси или други одговорности;

1.7. Константинос Братос е во работен однос со НБГ С.А., Атина и како таков е предложен и именуван за член на Надзорен одбор на СБ.

[1] Константинос Братос е член на Надзорниот одбор на СБ од 15-ти ноември, 2012 година.

2. **Панајотис Карандреас**, Заменик претседател на Надзорен одбор на СБ од 18.12.2012 година, Раководител на Оддел Б во Секторот за меѓународни активности на Национална банка на Грција С.А. Атина;[2]

2.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Панајотис Карандреас и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

2.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

| Период од-до (години) | Назив и сектор на работодавачот | Работна позиција |
|---|---|---|
| Август 2002 - денес | Национална банка на Грција СА., Атина; Банкарство | Сектор за меѓународни активности, Раководител на Оддел Б (мај 2010 - денес); Раководител на Дирекција за спојување и преземање (декември 2005 - мај 2010); и Раководител за односи со инвеститори (август 2002 - декември 2005). |
| Октомври 1997 - Јули 2002 | Alpha Finance | Аналитичар |
| Јануари 1994 - Јануари 1997 | Societe Generale (Атина) | Аналитичар и истражувач, Инвестициско банкарство |
| Август 1993 - Јануари 1994 | Deloitte & Touche | Ревизор |

2.3. Покрај функцијата во Стопанска банка АД - Скопје, Панајотис Карандреас е член на раководниот орган, односно надзорниот одбор во следниве банки:

- United Bulgarian Bank (UBB);
- Banka Romaneska – Bucharest Romania;
- NBG Lizing IFN - Bucharest Romania;
- NBG Factoring - Romania;
- NBG Cyprus Ltd;
- NBG Management Services ltd.

2.4. Панајотис Карандреас не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

2.5. Панајотис Карандреас нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

2.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Панајотис Карандреас кои ги има во СБ како Заменик претседател на Надзорниот одбор и неговите приватни интереси или други одговорности;

2.7. Панајотис Карандреас е во работен однос со НБГ С.А., Атина и како таков е предложен и именуван за член на Надзорен одбор на СБ.

[2] Панајотис Карандреас е член на Надзорниот одбор на СБ од 23-ти септември, 2011 година.

3. **Димитриос Франгетис**, член на Надзорен одбор на СБ од 09.08.2010 година, Генерален директор за кредитирање на Национална банка на Грција С.А. Атина;[3]

3.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Димитриос Франгетис и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

3.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

| Период од-до (години) | Назив и сектор на работодавачот | Работна позиција |
|---|---|---|
| 2010 - денес | Национална банка на Грција СА. Атина; Банкарство | Генерален директор за кредитирање на Групацијата |
| 2008 - 2010 | Pireus Bank (Србија); Банкарство | Генерален директор и Претседател на Извршниот одбор |
| 2004 - 2008 | Pireus Bank (Албанија); Банкарство | Генерален директор |
| 2000 - 2004 | Emporiki Bank; Банкарство | Генерален директор и член на Управниот одбор |
| 1999 - 2000 | Alfa Bank; Банкарство | Генерален директор на Ionian Hotel Enterprises |
| 1996 - 1999 | Ionian Bank; Банкарство | Генерален директор и Заменик претседател на Управниот одбор |

3.3. Покрај функцијата во Стопанска банка АД Скопје, Димитриос Франгетис е член на раководен орган, односно надзорниот одбор и на Finansbank (Турција) и Vojvodjanska Banka (Србија);

3.4. Димитриос Франгетис не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

3.5. Димитриос Франгетис нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

3.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Димитриос Франгетис кои ги има во СБ како член на Надзорниот одбор и неговите приватни интереси или други одговорности;

3.7. Димитриос Франгетис е во работен однос со НБГ С.А., Атина и како таков е предложен и именуван за член на Надзорен одбор на СБ.

[3] Димитриос Франгетис поднесе оставка од функцијата член на Надзорен одбор на СБ со важност од 22 мај, 2013 година.

4. **Анастасиос Лизос**, член на Надзорен одбор на СБ од 29.03.2012 година (втор мандат), Раководител на Оддел А во Секторот за меѓународни активности на Национална банка на Грција С.А. Атина;

4.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Анастасиос Лизос и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

4.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

| Период од-до (години) | Назив и сектор на работодавачот | Работна позиција |
|---|---|---|
| Јули 2010 - денес | Национална банка на Грција СА., Атина; Банкарство | Раководител на Оддел А во Секторот за меѓународни активности |
| Јули 2008 - Јули 2010 | Национална банка на Грција СА., Атина; Банкарство | Заменик директор на Оддел Б во Секторот за меѓународна мрежа |
| Декември 2002 - Јули 2009 | Национална банка на Грција СА., Атина; Банкарство | Заменик директор на Оддел А во Секторот за меѓународна мрежа |
| Јуни 1993 - Декември 2002 | Национална банка на Грција СА., Атина; Банкарство | Ревизор во Секторот за внатрешна ревизија |

4.3. Покрај функцијата во Стопанска банка АД Скопје, Анастасиос Лизос е член на раководен орган, односно надзорниот одбор и на следниве банки:
- The South African Bank of Athens Ltd (SABA);
- NBG Bank Malta ltd;
- United Bulgarian Bank AD Bulgaria;
- Interlease AD;
- NBG Leasing, Serbia;
- Banka Romaneasca, Romania.

4.4. Анастасиос Лизос не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

4.5. Анастасиос Лизос нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

4.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Анастасиос Лизос кои ги има во СБ како член на Надзорниот одбор и неговите приватни интереси или други одговорности;

4.7. Анастасиос Лизос е во работен однос со НБГ С.А., Атина и како таков е предложен и именуван за член на Надзорен одбор на СБ.

5. **Спиридон Ставрос Маврогалос Фотис**, член на Надзорен одбор на СБ од 15.11.2012 година, Помошник генерален директор, Набавки и административна поддршка на Групацијата на Национална банка на Грција С.А. Атина;

5.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Спиридон Ставрос Маврогалос Фотис и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

5.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

| Период од-до (години) | Назив и сектор на работодавачот | Работна позиција |
|---|---|---|
| Февруари 2008 - денес | Национална банка на Грција СА; Банкарство | Помошник генерален директор, Набавки и административна поддршка на Групацијата |
| Април 2002 - Ноември 2007 | Cosmote Mobile; Телекомуникации | Директор на општи активности на Групацијата (2005); Директор на внатрешна ревизија (2002) |
| Септември 1996 - Март 2002 | EFG Eurobank Ergasias | Раководител на Оддел за интеграција (април 2001); Раководител за управувањесо пазарни и оперативни ризици (јуни 2000); Виш ревизор (јануари 1999); Директор на ревизија (јануари 1996); |
| Септември 1995 - Август 1996 | ABN AMRO Bank, Грција | Внатрешен ревизор |
| Октомври 1993 - Август 1994 | KPMG Peat Marwick, Киријаку | Ревизор |

5.3. Покрај функцијата во Стопанска банка АД Скопје, Спиридон Ставрос Маврогалос Фотис е член на раководен орган, односно надзорен одбор на следните трговски друштва:

- ETHNDATA S.A., Services in Informatics and Organization (NBG);
- ETHNOPLAN S.A. (NBG).

5.4. Спиридон Ставрос Маврогалос Фотис не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

5.5. Спиридон Ставрос Маврогалос Фотис нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

5.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Спиридон Ставрос Маврогалос Фотис кои ги има во СБ како член на Надзорниот одбор и неговите приватни интереси или други одговорности;

5.7. Спиридос Ставрос Маврогалос Фотис е е во работен однос со НБГ С.А., Атина и како таков е предложен и именуван за член на Надзорен одбор на СБ.

6. **Димитра Гудуфа**, член на Надзорен одбор на СБ од 24.10.2012 година, Раководител на Оддел за Стратегија и Финансии во Секторот за меѓународни активности на Национална банка на Грција С.А. Атина;

6.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Димитира Гудуфа и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

6.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

| Период од-до (години) | Назив И сецтор на работодавачот | Работна позиција |
|---|---|---|
| Декември 2012 - денес | Национална банка на Грција СА; Банкарство | Раководител на Оддел за Стратегија и Финансии во Секторот за меѓународни активности |
| Септември 2006 - Ноември 2012 | Национална банка на Грција СА; Банкарство | Советник за управување со перформанси |
| Март 2000 - Август 2006 | Pricewaterhouse Coopers; Ревизија | Директор на Дирекција за корпоративни финансии |

6.3. Димитира Гудуфа не е член на одборот на директори, односно управен или надзорен одбор, ниту пак е акционер во друго трговско друштво во било кое време во последните пет години;

6.4. Димитира Гудуфа не била член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

6.5. Димитира Гудуфа нема сопствено учество во основната главнина, ниту пак во гласачката структура на СБ;

6.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Димитира Гудуфа кои ги има во СБ како член на Надзорен одбор и нејзините приватни интереси или други одговорности;

6.7. Димитра Гудуфа е во работен однос со НБГ С.А., Атина и како таква е предложена и именувана за член на Надзорен одбор на СБ.

7. **Благоја Наневски**, независен член на Надзорен одбор на СБ од 29.03.2012 година (втор мандат), Професор на Факултетот за бизнис и економија - Скопје.

7.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Благоја Наневски и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

7.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

| Период од-до (години) | Назив и сектор на работодавачот | Работна позиција |
|---|---|---|
| 2008 - денес | Стопанска банка АД Скопје; Банкарство | Независен член на Надзорен одбор на СБ |
| 1971 - денес | Институт за Економија - Скопје при Универзитетот св. Кирил и Методиј; високо образование | Редовен професор и координатор на Отсек за Финансии и банкарство |

7.3. Благоја Наневски не е член на одбор на директори, односно управен или надзорен одбор на друго трговско друштво;

7.4. Покрај акциите во Стопанска банка АД Скопје, Благоја Наневски поседуваа акции во следниве трговски друштва:

- Бетон Скопје, 4 обични акции;
- Комерцијална банка АД Скопје, 222 обични акции;
- Макошпед, 291 обични акции;
- Македонија Турист, 31 обични акции;
- Стопанска банка АД Битола, 102 обични акции;
- ТТК Банка АД Скопје, 100 обични акции.

7.5. Благоја Наневски не бил член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

7.6. Благоја Наневски поседува 8569 обични акции (0.06% од вкупниот број обични акции) и 200 приоритетни акции (0.07% од вкупниот број приоритетни акции) во Стопанска банка АД Скопје. Врз овие акции не постои било какво времено ограничување на располагањето со истите;

7.7. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Благоја Наневски кои ги има во СБ како независен член на Надзорен одбор и неговите приватни интереси или други одговорности;

7.8. Не постои договор или соработка помеѓу Благоја Наневски и големите акционери, клиенти, добавувачи и други лица врз основа на што тој е предложен за член на Надзорен одбор на СБ.

8. **Владимир Кандикјан**, независен член на Надзорен одбор на СБ од 29.03.2012 година (втор мандат), Професор на Правен факултет Јустинијан Први, Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје.

8.1. Не постои било каква поврзаност помеѓу Владимир Кандикјан и останатите членови на Управниот и Надзорниот одбор на СБ;

8.2. Информации за релевантно менаџерско и експертско работно искуство:

| Период од-до (години) | Назив и сектор на работодавачот | Работна позиција |
|---|---|---|
| 2009 - денес | Совет на Докторски студии при Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје; високо образование | Член на Советот на Докторски студии |
| 2008 - денес | Стопанска банка АД Скопје; Банкарство | Независен член на Надзорен одбор на СБ |
| 2008 - денес | Стопанска банка АД Скопје; Банкарство | Член на Одбор за ревизија на СБ |
| 2004 - 2008 | НБРМ | Член на Советот на Гувернери на НБРМ |
| 2003 - 2006 | Влада на Република Македонија; економија | Член на Економскиот совет на Владата на РМ |
| 2002 - денес | Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје, Правен факутет; високо образование | Редовен професор |
| 2001 - 2007 | Стопанска банка АД Скопје; Банкарство | Претседател на Одборот за управување со ризици |
| 1997 - 1999 | Комисија за хартии од вредност на РМ; финансии | Претседател на Комисијата за хартии од вредност |
| 1995 - 2008 | Стопанска банка АД Скопје; Банкарство | Член на Управниот одбор |

8.3. Владимир Кандикјан не е член на раководниот орган, односно надзорен одбор, ниту пак е акционер во друго трговско друштво во било кое време во последните пет години;

8.4. Владимир Кандикјан не била член на одборот на директори, односно управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

8.5. Владимир Кандикјан поседува 30 приоритетни акции во Стопанска банка АД - Скопје (0.01% од вкупните приоритетни акции). Врз овие акции не постои никакво времено ограничување за располагање со истите;

8.6. Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите на Владимир Кандикјан кои ги има во СБ како независен член на Надзорен одбор и неговите приватни интереси или други одговорности;

8.7. Не постои договор или соработка помеѓу Владимир Кандикјан и големите акционери, клиенти, добавувачи и други лица врз основа на што тој е предложен за член на Надзорен одбор на СБ.

# 7. РАЗВОЈНИ ПЕРСПЕКТИВИ

## 7.1. Информација за развојните перспективи во деловното работење, особено во производството, продажбата и трошоците за период од 3 години:

Деловниот план и развојна политика на Стопанска банка АД - Скопје за периодот 2012-2014 година се вклучени во ***Прилог 4*** на овој Проспект, а во продолжение следи Резимето на Деловниот план:

- Економско опкружување - скромно закрепнување ;
- Благо закрепнување на економските активности;
- Инфлацијата базирана на Индексот на потрошувачки цени (ИПЦ) да се задржи на ниво под 3.0%;
- Банкарскиот сектор се очекува да остане добро капитализиран, финансиран од депозити и последователно да задржи низок профил на ризик;
- Поинтензивни реформи за зголемување на конкурентноста и пристапувањето во ЕУ;
- Главни цели - силна капитална база, пруднтно управување со ризиците и нормализирање на наградувањето на акционерите;
- Продолжување со давањето на одлични услуги на клиентите;
- Поддржување на нови динамични сектори;
- Да се биде доверлив партнер на клиентите преку обезбедување супериорен квалитет на услугите и сеопфатни пакети на банкарски производи и услуги;
- Дисперзирање на базата на корпоративни депозити со директна вкрстена продажба и воведување на нови конкурентни производи;
- Зајакнување на мерките за наплата;
- Продолжување со ефикасната политика за намалување на трошоците како постојана вредност на Банката;
- Подобрување на продажните вештини на мрежата на филијали и каналите за продажба преку трети лица;
- Имплементирање на прудентните барања за адекватност на капиталот;
- Главни  финансиски резултати;
- Добивката пред оданочување во 2014 година ќе достигне 23,8 милиони ЕУР;

- Повратот на капитал ќе биде на ниво од 12.2%;
- Нето каматната маргина ќе изнесува 3.5%;
- Коефициентот на расходи во однос на приходи ќе забележи пад на 52%;
- Коефициентот на ризичните пласмани ќе изнесува 8.1%;
- Состојбата на кредити (бруто) ќе се зголеми за 24.0% (за периодот 2012-2014);
- Состојбата на депозити ќе се зголеми за 27.0% (за периодот 2012-2014).

**Забелешка:** Деловниот план и развојната политика на Стопанска банка АД Скопје за периодот 2013-2015 (Бизнис план) е во постапка на донесување. Имено, Деловниот план и развојната политика на СБ за периодот 2013-2015 е дел од Дневниот ред на 32-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје (СБ) која е закажана за 22 Мај, 2013 година.

### 7.2. Основните претпоставки и проценка за движење на добивката во наредните 3 години:

(во илјади евра)

| | 2012 Буџет | 2013 Деловен План | 2014 Деловен План | Индекс 2014/2012 | Просечна стапка на пораст |
|---|---|---|---|---|---|
| **Добивка пред оданочување** | 14.686 | 17.976 | 23.778 | 161,9 | 22,9% |

## 8. ФИНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

**8.1. Финансиските извештаи на Стопанска Банка АД Скопје, се во овој Проспект дадени во *Прилог 1* (за 2011 година) и *Прилог 2* (за 2012 година) и ги опфаќат целосните консолидирани и неконсолидирани годишни ревизорски извештаи, изготвени согласно меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на Репубика Македонија, составени од: Ревизорско мислење, Ревидиран биланс на состојба, Ревидиран биланс на успех, Ревидиран извештај за паричните текови, Ревидиран извештај за промените во капиталот и Ревидираните белешки кон финансиските штаи.**